# Зошто „Алкалоид“?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Постојано инвестираме во нашиот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**




# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ ВО НАШИОТ ТИМ!

## Работно место: Медицински претставник за регионот Охрид / Струга
## Оддел: Продажби *фармација*

Доколку сакате да бидете дел од тимот на **Продажби *фармација*** во модерна фармацевтска компанија која од секој аспект води грижа за своите вработени и доколку ги поседувате потребните квалификации, ПРИЈАВЕТЕ СЕ!

## Како ќе ве препознаеме?

- Имате завршено високо образование – фармација, медицина, стоматологија, ПМФ (биологија и хемија).
- Работно искуство како медицински претставник ќе се смета за предност, но не е задолжително.
- Поседувате возачка дозвола од Бе-категорија и активно возите.
- Имате одлично развиени комуникациски и презентациски вештини и способност за тимска работа.
- Се одликувате со мобилност, студиозност, посветеност, трпеливост, со ориентираност спрема детали, педантност, професионален однос, лојалност и со дискретност.
- Активно ги користите англискиот јазик и програмите Microsoft Office.

## Цели и одговорности на работното место

- Исполнување на маркетиншките и на продажните планови на одделот преку континуирана комуникација и соработка со фармацевти / матични лекари во соодветниот регион
- Секојдневна посета и комуникација со партнерите со цел остварување и унапредување на планираните продажби во соодветниот регион
- Подготовка на предлог-оперативни активности за исполнување на маркетинг-планот за фармацевти и за матични лекари
- Давање предлози за *opinion leader* за соодветниот регион
- Следење и известување за активностите, одржување база на податоци за здравствените професионалци и подготовка на извештаи.
- Врз основа на месечниот извештај за продажбите, правење анализа за исполнетоста на продажните таргети.
- Интерна комуникација во компанијата, како и екстерна комуникација со соработниците во соодветниот регион.
- Постојано подобрување и континуирана иновативност во секојдневните работни активности, со цел зголемување на индивидуалните и на компаниските квалитети и грижа за угледот на компанијата.

## Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој
- Компетитивни месечни приходи
- Дополнителни награди и придобивки во зависност од остварените цели
- Приватно здравствено осигурување
- Бенефиции за вработените и за децата на вработените

**АПЛИЦИРАЈТЕ** на следниов линк: https://career.alkaloid.com.mk/career_opportunities/details/112

*„Алкалоид“ АД Скопје застапува политика за недискриминација по ниту една основа и во согласност со своите клучни вредности ја промовира различноста во процесот на регрутација и на селекција.*

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
*Здравјето пред сè*